игумен Давид (Нинов)

МЕДИУМИТЕ И НИВНАТА (НЕ)ОДГОВОРНОСТ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

(краток приказ за медиумите и замешателствата коишто ги предизвикуваат во спрега со расколничкиот синод на МПЦ contra канонскиот поредок на Православната Охридска Архиепископија)

меѓународна православна конференција
Соработката на Црквата со медиумите
Софијска семинарија „Свети Иван Рилски“
9 – 11 Ноември 2004 г. Софија

игумен Давид (Нинов)

МЕДИУМИТЕ И НИВНАТА (НЕ)ОДГОВОРНОСТ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

(краток приказ за медиумите и замешателствата коишто ги предизвикуваат во спрега со расколничкиот синод на МПЦ contra канонскиот поредок на Православната Охридска Архиепископија)

Ваши Високопреосвештенства, Ваши Преосвештенства, Високопреподобни и Преподобни отци, возљубени во Христа Бога браќа и сестри,

сметам дека на мнозина им е позната специфичноста на состојбата со Црквата во Р. Македонија, и уделот, токму на медиумите во креирањето на таквите событија, но сепак, на почетокот чувствувам должност да изложам краток приказ - што ќе се држи исклучиво до православната еклисиологија, бивајќи растоварен од секаков националшовинизам толку карактеристичен за нашиве простори, а истовремено толку атипичен за духовноста на Црквата од Исток, бидејќи во Христа нема веќе ни Јудеец, ни Елин,[1] - а со којшто приказ бегло ќе фрлиме поглед на историјата на расколот во нашата татковина и неговото разорувачко дејство врз елементарниот критериум кај народот за тоа што е Црква, а што не е.

Како и во сите источно европски земји така и во Р. Македонија најжестокиот прогон врз Црквата започнува со доаѓањето на власт на Комунистичката партија. Но, додека во останатите земји гонењето на Црквата беше од отворен тип, во Р. Македонија комунистите дејствуваа перфидно, обидувајќи се под плаштот на слободата и националното освестување, според болшевистичкото сфаќање на тој збор, истовремено, за своја еднократна употреба, да „создадат“ своја лажна црква, а да ја искористат и понижат Православната Црква.[2] Така под превезот на национализмот македонските комунисти создадоа марионетска верска организација во служба на државно-полициските интереси.[3] Првиот вџашувачки

---

[1] Галат. 3. 28.

[2] „Некаде во пролетта 1967 г. во Белград еден собир на високи функционери: Кардељ, Стамболиќ, Влаховиќ, Тодоровиќ, Стаменковиќ, Никола Минчев, Крсте Црвенковски се заклучи да се оди на нов собир на кој дефинитивно ќе се прогласи и возобнови старата Охридска Архиепископија како автокефална црква која прекинува со какви и да е натамошни канонски врски со СПЦ (оттука и со сите други. Денес расколничкиот синод на МПЦ токму овој датум го слави како најсветол во својата историја !!!). Мора да се подвлече дека на тој собир најголема поткрепа во барањето македонските претставници добија од Едвард Кардељ“ стр. 172. – Доне Илиевски, *Смислата на некои отпори против автокефалијата на МПЦ*, Скопје, 1970. Од овој документ јасно се гледа дека печатените медиуми во тоа време се фалеле со фактот дека луѓе со ултра комунистичка определба којашто го исклучува Бога, се занимавале со „црковни“ прашања. Според каноните на Црквата мешањето на светската политика во Црквата го доведува под знак прашалник кредибилитетот на Црковната одлука.

[3] Докази за тоа се: порано, преку нив полицијата ја контролираше секогаш антикомунистички настроената дијаспора, а денес на пр. при забраната на Епископот Рашко призренски г. Артемиј за минување низ Р. Македонија презентирана му е црна листа на епископи од СПЦ на кои им е забранет влез во Р. М, инаку доставена од МПЦ до државните органи за прогон. Исто така, при нешето протерување од манастирите полицијата ни врачи факс од архирасколникот Стефан со кој се бара полициска акција за наш прогон, а според кој факс-наредба полицијата и постапи, и ја образложи својата акција. Другите докази се поместени подолу во текстот кога расколничките

факт е тоа што после Втората светска војна, откако на последниот канонски епископ (Митрополитот Јосиф) му е забранет влез во земјата, комунистите прогласуваат иницијативен свештенички одбор за организирање на црковниот живот.[4] Ми се чини дека Православната Црква во својата повеќе од двеилјадагодишна историја не памети нешто вакво: од 1945 г. до 1958 г. на територијата на тогашна СРМ нема стапнато епископ. Иако сите знаеме дека Православната Црква е епископална, досега никој нема дадено одговор на прашањето во име на кој епископ тие свештеници богослужеле, и на чиј антиминс ја совршувале Литургијата цели 13 години. И второ, откако во 1967 г. самопрогласуваат автокефалност со што свесно се одлачуваат од Едната Литургија на Едната Вселенска Православна Црква, Ве уверувам дека до денешен ден своето постоење го темелат на длабоката омраза кон Бугарите, Србите, Грците. Во 21-от век нивното постоење го темелат на омразата и прогласувањето внатрешни и надворешни непријатели. **Оттука, се добива впечаток дека доколку соседните народи им станат пријатели со коишто ќе градат љубовен, во Христа, однос, расколниците едноставно би престанале да постојат**. На тој начин, свесно го жртвуваат спасението на народот Божји во Р. Македонија, бидејќи е спротивно на нивната комунистичко-идеолошка матрица во Р. Македонија слободно да богослужат и проповедаат архиереи од Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква.

Следејќи го благодатното предание знаеме дека светите отци Црквата ја претставувале како Кораб, а расколот како корито коешто оние коишто не сакаат да пребиваат во Коработ го спуштиле во водата и пловат во него.[5] Се претставуваат за Кораб, но во суштина се корито. „Тие што се наоѓаат надвор од Црквата можат да се спасат толку колку што се спасиле оние коишто се нашле надвор од Ноевиот ковчег“,[6] пишува свети Кипријан Картагински.

Невозможно е да се гради иднината на темелите на лагата и омразата. За жал, токму лагата и омразата се критериумите според коишто македонските медиуми и новинари се натпреварува во пишувањето за, односно, против Црквата. На што се должи тоа? Прво, речиси без исклучок македонските новинари, слично на македонските политичари, се исцело богословски неписмени. Изолацијата[7] во којашто на црковен план живеат граѓаните на Р. Македонија прави

епископи на МПЦ за сè и сешто бараат интервенција од државата, а државата, пак, желбите им ги исполнува.

[4] Митрополит Велеско повардарски и Егзарх Охридски г. г. Јован, „Богословско-историски аспект на расколот на Црквата во Р. Македонија и неговото надминување“ стр. 34, 35. *За единство на Црквата*, Скопје 2004 г.

[5] свети Николай Велимирович „Вярвам и в една, света, съборна и апостолска църква“, Славянобългарски манастир *Св. Вмчк Георги Зограф*, Света Гора, 2003

[6] свети Киприан Картагински „За единството на Църквата“, Славянобългарски манастир *Св. Вмчк Георги Зограф*, Света Гора, 2003

[7] од 1967 г. во Р. Македонија нема дојдено да служи Литургија ниту еден православен патријарх, епископ, презвитер, а, и расколничкиот архиепископ нема посетено помесна православна Црква, освен скришно. Скопскиот универзитет заради ниското ниво одбива да го прими Богословскиот факултет. Богословски семинари не се одржуваат, и нема никаков проток на жива теолошка мисла. По барање на расколниците, полицијата не им дозволува на православните клирици од било која земја во светот да влегуваат во Р. Македонија што е малку чудно за 21-от век особено кога се знае дека добрососедските односи се услов за интегративните процеси. Американскиот амбасадор во

да бидат, без остаток, збунети пред изопачените дневно политички ставови коишто новинарите ги пласираат како „богословски“, снижувајќи го притоа поимањето за Црквата подолу од нивото на жолт печат. Тука морам да истакнам дека ми е многу тешко што овие работи ги кажувам за сопствената татковина и нејзините граѓани, од коишто и јас сум неоткинлив дел, но Вистината т. е. Христос ми е помил од сѐ, а и според зборовите на свети Јован Лествичник, сметам дека раната може да се исцели само доколку се открие.

Поаѓајќи од најдобри намери на критичност и самокритичност, за да ја илустрирам неписменоста и гетоизираноста на поголемиот дел од македонските новинари ќе наведам неколку наслови и текстови од нашите печатени медиуми, дел од нив се приложени и во изложувањево како дополнителен материјал (иако од таквата нестручност не отстапуваат и електронските). На 23 Септември 2004 г. во најтиражниот весник *Дневник* новинарот Бранко Ѓорѓевски во текст со наслов „Инвазија од попови на македонските граници“ напиша: „во Македонија влегол епископот на БПЦ со световно име Георги Патаров. Тој бил придружуван од уште тројца свештеници на БПЦ кои без проблеми влегле во Македонија. Нивното доаѓање беше најавено од МПЦ и тие беа пуштени без проблем – изјавија вчера во МВР.“!!![8] Единствено Автономната Православна Охридска Архиепископија излезе во одбрана на светејшиот Патријарх Максим и светата Бугарска Православна Црква, демантирајќи, на нејзината интернет страница, дека разбојникот Георги Патаров е дел од Православната Литургија=Евхаристија со којашто рековме се поистоветува Црквата.[9] За жал, новинарот воопшто не најде за потреба во јавноста да каже дека средбата помеѓу Гервасиј (Георги Патаров)[10] и Наум[11] е средба помеѓу двајца расколници (раскол = ерес), а не канонски епископи, оставајќи со тоа уште

ОБСЕ Стефан Миникес веќе ја критикуваше Владата на Р. Македонија дека не треба да се меша во религиозните проблеми. Еве што за „македонскиот синдром“ пишува американскиот научник Мирон Вајнер: оние коишто се залагаат за воспоставување на пријателски односи со соседите се обвинети за нелојалност, а можат да се соочат со опасности од лична природа. Бидејќи иредентистичките, а не нормалните теми од секојдневниот живот имаат приоритет, постои тенденција масмедиите да се стават во служба на власта“... Благодарение на горекажаното расколниците направија во Р. Македонија наместо автентична православна духовност да цвета баењето, гатањето и медиокритетизмот.

[8] Во цивилизираниот свет постојат телефони и новинарите се јавуваат за да ја проверат веродостојноста на информацијата. Но, тоа не е случај со Р. Македонија. Бранко Ѓорѓевски можел да се јави во БПЦ и да праша кој е Георги Патаров. Се разбира, доколку би бил објективен и претходно не би ја имал завземено страната на расколничко-полицискиот режим.

[9] Митрополит Велеско повардарски и Егзарх Охридски г. г. Јован, „Богословско-историски аспект на расколот на Црквата во Р. Македонија и неговото надминување“, стр. 15. *За единство на Црквата*, Скопје 2004

[10] член на расколничкиот синод на Инокентиј во Бугарија

[11] расколнички епископ од МПЦ којшто пред девет месеци се прочу со својата изложена платформа за создавање на коалиција на расколнички цркви. Инаку, станува збор за клирик на „Македонската црква којашто пребива во раскол, којшто без дозвола и благослов замина од Светата Обител Григоријат, се наоѓа во состојба на непослушание и нема никаква духовна врска со сепреподобниот Катигумен на Григоријат – Архимандритот Георгиј Капсанис“ (види Обраќање на Светата Општина, Света Гора, Кареа 6/19 Февруари 2004, број на протокол Ф.2/5в/228, потпишано од сите Претставници и Претстоители коишто се во заедничкото Собрание на дваесетте свештени обители на Света Гора Атонска). Инаку, расколникот Наум во своите манастири го има примено расчинетиот клирик Атинагора Богориди. Со него и со расчинетите Никодим Царкњас и Кирил сослужуваат и се причестуваат сите расколнички клирици на МПЦ.

една лузна од измама врз лицето на сопствениот народ, како и доказ за непрофесионалноста и отсуството на новинарски кодекс не само кај себе, туку преку себе и кај целото македонско новинарство. Конечно што се свештенослужителите Христови, та во 21-от век да им биде забрането слободно да се движат во Европа! Истиот ден во весникот *Време*, новинарката Ивана Серафимова пишува дека митрополитот Јован „ги школува студентите со бугарски и грчки стипендии“. „МПЦ бара државата да ја спречи таа активност. Во МПЦ велат дека за ова треба да интервенираат државните институции“. Очигледно за расколничката МПЦ е најголемо зло тоа што „младите луѓе решиле да се школуваат во верски православни установи во Србија, Бугарија, Грција и во Русија.“ Сето ова, во еден ден, е навистина тврда храна за народот за којшто расколниците не се потрудија да стекне литургиско образование и што е најважно - свест за соборноста на Црквата. Напротив, нивните изјави се дека: “сестринските православни цркви се туѓи цркви и непријател којшто демне.“[12] Цената што ја плаќа Р. Македонија поради тоа што го подржува опустошувачкиот раскол којшто сé темели на омразата - се и ваквите натписи: „Во борбите за национална слобода Македонците се бореле за црковно ослободување на древната Охридска Архиепископија како Македонска Црква“,или, тенденциозно и со омраза напишаното: „автономијата во 1958 била одобрена од српската расколничка црква“,или, „оние на кои им се помили црнците од Македонците нека бараат свои следбеници во Африка, а не во Македонија. Таму нека влегуваат во литургиско и канонско единство со црниот ѓавол.“[13] Доколку го имаме Христа за критериум според којшто ќе ги вреднуваме сите событија во нашиот живот, а во тоа и се состои големината на секој Христијанин којшто идентитетот го црпи само од Христа Бога, а не од минливите земни категории, лесно ќе ни биде да ја земеме „Историјата на Охридската Архиепископија“ на Иван Снегаров, па да разбереме кој за што се борел тогаш, да го разбереме она што и на врапчињата во светот им е јасно, а тоа е дека Самоил бил бугарски цар којшто се борел против Василиј II Македонец Бугароубиец, ако ја погледнеме историјата на православието ќе видиме дека најсветата Православна Црква во Србија никогаш не била, ниту ќе биде „расколничка“, а ќе видиме и дека Христос се распна за сите луѓе без разлика на бојата на кожата.

Во малограѓанскиот дух на новинарските текстови, коишто тука накратко се цитирани, објавени се речиси и сите други написи (во македонските медиуми: *МТВ*, *Утрински весник*, *Вест*, *Канал 5* и т.н., и т.н.), поврзани со црковниот живот во Р. Македонија.[14] Ниту еден од медиумите не отвори дебата на којашто, на

---

[12] изјави на преспанско-пелагонискиот расколникот Петар за сите пишани и електронски медиуми на 22 Септември 2004 г. (*Сител*, *А1*, *Време*...) после заминувањето на митрополитите г. Кирил Варненски и Великопреславски и г. Игнатиј Димитријадски и Алмирски од Р. Македонија

[13] името на жалниот текстописец од обзир кон него и кон Вас нема да го спомнам. Текстот е објавен во *Сведок* на 5 февруари 2004.

[14] Мал исклучок се, не толку стручно богословски колку трезвеноумно аналитички, текстовите на пример на: Мирка Велиновска, Ѓурѓина Василевска, Синиша Станковиќ. Во текстот на Мирка Велиновска во *Фокус*, број 486, 15 Октомври 2004 г. се одразува реалноста, дали и колку народот на којшто се повикуваат во расколничката МПЦ е со нив: „Изгледа дека во новиот ССРНМ ни влезе и синодот на МПЦ. Ако на Бранковата таканаречена политика од егзотични земски интереси на неколку подгоени владици, во вакви историски моменти, и МПЦ решила да се придружи,

пример на еден телевизиски канал со учество на клирици од МПЦ, би поканил епископи од сестринските православни цркви, за во разговор со нив граѓаните сами да дојдат до сознанија за Црквата. Напротив, после единственото интервју коешто со мене го направи за една локална телевизија, новинарот беше приведен и задржан во полициска станица од припадници на Министерството за Внатрешни работи. Вакви нешта се изнаслушавме и изнагледавме во последниве две-три години. Расколничките епископи како и многу други нешта коишто би требале да го одликуваат граѓанското општество (демократичноста, вистинољубието...) се фалсификат, на којшто бидејќи е откриен, не е возможно да се гради. Како што е вообичаено за расколничкиот менталитет, мнозина сеуште не можат да ја надминат фрустрацијата којашто произлегува од самоубеденоста дека тие знаат нешто што на светот му е целосно непознато. Тука, сметам дека е нужно уште еднаш да се посочи не само простотилакот, не само дилетантизмот, не само провинцијализмот, но комплетното отсуство на словесност на инсуфициентните: Александар Чомовски, Билјана Јовановска, па и Анета Шијакова. Еве дел од нивните коментари: „власта го одржува ветувањето. Договорот Црвенковски – Стефан се исполнува со уривање на квази-манастирот.“[15] „По пријава на Преспанско пелагониската епархија срушен е манастирот *свети Јован Златоуст* бидејќи е граден без дозвола на МПЦ.“[16] „Во оптек се термините *самостојност* и *независност*, зашто *автономна* бил премногу оптоварен и предизвикувал негативни реакции кај јавноста.“[17] Но, еве што пишува Советот на Европската Унија во *Извештајот за Процесот на стабилизација и асоцијација на Р. Македонија*, конкретно за слободата на изразување и медиумите: „има голем број на проблеми во овој сектор, кои се во врска со актуелната законска рамка, недостаток од средства, **недостаток од професионализам** и фактот што медиумите покрај тоа што се поделени по етничка линија, обично не успеваат да постават агенда која ќе ги рефлектира колективните интереси. Потребни се и соодветни механизми за да се овозможи независност на медиумите... Што се однесува до

прогласувајќи незаинтересирана неутралност за интересите на својот народ, се прашувам: Што е фактички МПЦ? И седумчлениот синод ли, како нашата „државотворна“ власт, постои независно од народот – сам за себе?“

[15] Вести *А1*, 15. 10. 2004. Бунило врз бунило. Темелите на тој „квази“ манастир ги осветија четворица канонски митрополити: г. Кирил Варненски и Великопреславски, г. Игнатиј Алмирски и Димитријадски, г.г. Јован Велеско повардарски и г. Марко Дремвицки на 19 Септември 2004 г. За осветувањето на темелите, за градењето и за рушењето на манастирот, како и за нејзиното дејствување, воопшто, интернет страницата на Православната Охридска Архиепископија е: www.poa-info.org

[16] Вести *Канал 5*, 15. 10. 2004. Во таа епархија постојат цел куп храмови изградени од бајачи и гатачи. Еден од попознатите е на бајачката Николина од Буково (македонскиот пандан на Ванѓа), во којшто да им се гата одат и расколничките попови. За него преспанско-пелагонискиот расколник Петар никогаш не побарал да биде срушен. Очигледно Петар се трансформирал во слуга на демонот штом седумпати барал и добил решение од министерот Агрон Буџаку манастирот на канонската Црква да биде срушен. А, и МПЦ се трансформирала во министерство за урбанизам штом без нејзина дозвола канонската Црква во Р. М. не смее да градат храмови.

[17] Медитаации на неграмотната новинарка на *Утрински весник* од 14. 10, 2004 г. Уште едно манипулирање со јавноста и неуспешен обид на несудената „богословка“ и „каноничарка“ на расколниците, да се контаминира кристално чистата православна еклисиологија меѓу другото прејавена и во Диптихот на Православната Црква каде што постојат автокефални и автономни цркви. Графа за самостојни нема; нема ниту одговор каде ќе ја сместат нивната „самостојност“!

работата на новинарите, отсуството на соодветна законска рамка за пристап до информациите се чини дека го отежнува и соодветното известување.“ [18] Тука нема да навлегуваме во кршењето на елементарните човекови слободи и право на вероисповед коишто се секојдневие во Р. Македонија, а за што бездруго одговорност носи и сожалувачки ниското ниво на, до бескрај, зависните новинари и политички обоените медиуми коишто се предмет во *Одлуката* на Советот на Европа *за принципите, приоритетите и условите содржани во Европското Партнерство со Р. Македонија*. Во делот на човековите права Советот одлучил: „да се разгледа правната рамка за радиодифузија за да се спречи политичко влијание и мешање и да се превземат конкретни чекори за обезбедување независност на регулаторното тело за медиуми.“[19]

Отсуството на новинарска етика и ваквата поставеност на медиумите, повеќе од јасно покажува дека се наоѓаме под елементарните стандарди за пренесување на веродостојна информација.

Но, за Православната Црква и нејзиниот крстовоскресен карактер доаѓа ново време, време на луѓе коишто не размислуваат според принципите на етнофилетизмот и светското новинарство. Православната Охридска Архиепископија е дел од тоа време. Во прилог на ова ќе посочам и еден извадок од текстот на еминентниот проф. др. Георги Каприев, публикуван во еден впечатлив бугарски медиум: „но, има и трет пат, имено да се случи предвестеното од нив: макар и формално присоединети кон Српскиот патријархат тие да бидат признаени за легитимно автономни од целиот православен свет, без да им се поставуваат никакви дополнителни услови. Без веќе никакви прашања, тоа би било доказ дека Православните цркви започнуваат да се освестуваат од својата национална обземеност и да покажуваат склоност за враќање кон вредностите коишто се наоѓаат во основата на православното учење меѓу коишто национализмот не присуствува во никаква форма.“[20]

Да го чуеме сега и учењето на свети Никодим Агиорит, коешто навистина претставува скапоцено богатство за секој којшто сака да се испроба во пишувачката вештина. Сосема недостојно е, како што тоа го прават некои философи, човекот да се нарекува малечок свет во големиот, бидејќи на тој начин се ограничува неговото совршенство само на видливиот свет. Бог го има создадено човекот како голем свет, како макрокозмос во микрокозмосот поради мноштвото на сили коишто ги содржи, а особено словесните, умните и волните, коишто сетилниот и голем свет ги нема. Умот е окото на душата. И, бидејќи умот на некој начин е издвоен внатре во дворецот на телото, Создателот устроил пет телесни, чувствени органи како пет прозори – очите, ушите, носот, устата и општото сетило за допир, за умот преку нив да може да дојде до сопствената умна храна, односно до поимањето на сетилното создание, но и Божественото Писмо, а потоа воден од словесноста, со тоа чувство да се насочи кон доброто, благодатта, вистината и

---

[18] Совет на Европската Унија, *Извештај за Процесот на стабилизација и асоцијација*, (КОМ(2004)204 финална верзија) Брисел, 30.03.2004 СЕК(2004)373

[19] *Одлука* на Советот *за принципите, приоритетите и условите содржани во Европското Партнерство со Р. Македонија*, Брисел 30.03.2004 СОМ(2004)финален

[20] Проф. дфн Георги Каприев, „Два травматични сюжета“, Православието очи в очи с национализма и либерализма, *Християнство и култура*, Година III (2004)/брой 1 (9) www.hkultura.com

другите дејства и совршенства на Создателот, коишто можат да се созерцуваат во созданието, и во Писмото. На пример, се слушне или се прочита некој збор од божественото Писание. Зборот го потресува и бранува воздухот... Од тој потрес бива погоден слушниот нерв, којшто доаѓа од мозокот и така умот се буди и го слуша изговорениот збор. И тогаш, размислува вака: ако зборот којшто е последица и плод на дејство, е толку вистинит, толку мудар, толку убав, колку ли е повистинит, помудар, поубав Бог Којшто го изговорил и создал? Преку зборовите умот се искачува од сетилното кон умното, од последиците кон причината, од образот кон првообразот, бидејќи според свети Дионисиј Ареопагит: „образите и сликите на видливите нешта се образи и слики на она што не се гледа, сетилните нешта на она што е умно, а одделните и мноштвени претстави на она што е неделиво и единствено, а на создавањето на сè појавно, му претходело Божјото невидливо создавање.“[21] **Во ова време на антропоцентричен стил на живеење, напишаното во медиумите воопшто и не може да го натера човека да созерцува од каде доаѓа прочитаното**. А, и кога би се запрашал, читателот би се соочил со толку длабока темнина, та од здобиеното искуство, единствено би разбрал дека напишаното и оној што го напишал отпаднале од достоинството, на коешто луѓето се повикани да постојат. Имам впечаток дека на ова предупреди и Неговото Преосвештенство Епископот Бачки г. др. Иринеј на трибината со тема *Црквата и медиумите во новиот милениум* одржана на Машинскиот факултет при универзитетот во Белград, кога истакна дека: „денес постои настроение за опишување на лажен црковен живот.“ И: „односот на медиумите е катастрофален заради наводните познавачи на црковните задкулисни игри.“ [22]

Едноставно, зборувам пред сè за Р. Македонија, медиумите се затрупани во кич и шунд новинари, коишто сервираат темнина наместо богословие, и доколку некој од Црквата го каже отворено своето мислење веднаш бива нападнат со арсенал од комунистички фрази дека во секуларното општество Црквата не треба да се меша, и дека за неа најдобро е да молчи. Кој им го дава тоа право на комунистите, - без разлика на бојата на политичката партија од којашто доаѓаат, на Црквата да и го одземаат правото на мислење и искажување на мислењето, и да ја ставаат Црквата во улога на граѓанин од втор ред - до денес не е познато.

Според зборовите на Епископот Јегарски г. др. Порфириј искажани на гореспоменатата трибина: „денес мнозина го гледаат дејствувањето на Црквата во идеолошки и политички контекст и таквите се повикуваат на тековите на Француската револуција. Според нивното мислење верата е приватна работа. Таквиот вид на секуларизам којшто буквално го протерува Бога го доведува човекот до самоуништување. Црквата преку медиумите треба да се труди да го десекуларизира општеството.“[23]

И, на крајот, поаѓајќи од Аристотеловото политичар = Ο ΠΟΛΙΤΗΣ, логично следува дека секој човек е политичар односно граѓанин.[24] Во устројувањето на граѓанското општество, во коешто спаѓаат и медиумите право да учествува има

---

[21] Преподобног оца нашег Никодима Светогорца, *Књига духовних савета*, Атос, Београд, 2003
[22] *Црква и медији у новом миленијуму*, 06. 10. 2004 г. www.spc.org.yu
[23] Исто
[24] спротивно на граѓанин е Ο ΙΔΙΩΤΗΣ (идиот – човек којшто не е упатен во граѓанските работи, *фиг.* брливко, глупав)

секој; оттука, апсолутно право на тоа има и Црквата. Во таа насока, протопрезвитерот Јован Маендорф ќе забележи: „една од најголемите грешки што на човека може да му се случи, без разлика на тоа дали учествува во политичкиот процес или се воздржува од него, почива во верувањето дека политичките избори се бирање помеѓу апсолутното Добро и апсолутното зло. Всушност, такво апсолутно бирање постои само на ниво на духовните реалности, каде што злото се нарекува грев, а самиот Бог се идентификува со апсолутната добрина. Како одговорни Христијани мораме да мислиме што е „подобро“ или „полошо“ за народот, општеството и земјата. Ние можеме да имаме различни мислења за многу нешта, а истовремено да останеме соединети во верата и Едната Црква. Но, немаме право да бидеме себични и индиферентни.“[25]

Оттука, имајќи предвид колку денес, сè почесто, необјективното информирање може да влијае на заробување на сетилата коишто го хранат умот, неопходно е, Црквата постојано да се труди во точното богословско образование, коешто на мнозина ќе им стане цедилка низ којашто ќе поминува медот, а на којашто ќе се задржи нечистотијата. Така ќе се запазат и зборовите на свети Теодор Иерусалимски за живот во подвиг, според којшто грижливо ќе внимаваме на себе, за секогаш да се наслаѓуваме со умното, пружајќи ги натаму и умот и желбата; и, никогаш да не нè заробат сетилните нешта, но кон умното да се грабаме преку сетилата, за да му се восхитуваме заради него самиот.

Неколку примери од печатот

[25] протопрезвитер Јован Маендорф, Дали хришћани имају политичку одговорност, *Беседа*, Православни богословски часопис бр. 3-4/ 92

дар-мар



премиерот Хари Костов претседателот Бранко Црвенковски

ЦРКВА

Полицијата се занимава со монахињите

Три монахињи од манастирот „Свети Илија" и двајца монаси од манастирот „Свети Димитриј" завчера биле спречени од полицијата да се вратат во манастирите, кои неканонски ги приклучиле на српската „охридска архиепископија", информира МВР.

По информативниот разговор, еден час подоцна, приведените биле ослободени, а полицијата против нив поднела прекршочна пријава за неоправдано задржување во објектите.

Завчера околу 17 часот, по барање на МПЦ, полицијата влегла во женскиот манастир „Свети Илија" познат како Чардак, во скопското село Мирковци, и ги привела монахињите А.Ц. (29) од Прилеп, Т.К. (25) од Струмица и Ј.Ј. (26) од Скопје, а во исто време биле приведени и монасите Д.Б. (28) и В.В. (26) од манастирот „Свети Димитриј", познат и како Марков манастир крај Скопје.

Синодот на МПЦ неодамна побара полициска асистенција со цел монасите што пристапиле на т.н. „автономна охридска архиепископија" да ги напуштат манастирите. По заминувањето на триесетина монаси од четирите манастири, ова е прв обид за враќање на некои од нив во манастирите што сакаа да ги приклучат кон српската црква. **(Д.В.)** ■

Монахињите на расколникот Јован веќе нема да можат да се вратат во своите поранешни манастири, каде што создаваа и вредни уметнички дела, како во случајот на храмот во Јанковец, Ресенско

Од преговори до железна завеса: српските и македонските владици во „Св. Јован Бигорски"

РАСКОЛ

СПЦ ги затвори вратите за преговори со МПЦ

Владиката Иринеј изјави дека за автокефалноста ќе се преговара само со претставниците на „Охридската архиепископија"

СПЦ ќе ги затвори вратите за преговорите со МПЦ и за автокефалноста ќе се разговара само со претставниците на „Охридска архиепископија", најави српскиот и бачки владика Иринеј.

- Не може да се разговара со луѓето што се вкопале во состојба на пуч. Ако еден ден сметаме дека се созрани услови да се разговара за автокефалија, тоа ќе биде со претставници на канонската Охридска архиепископија. Тоа можеби нема да биде сва генерација на епископи на нашата црква, туку некоја идна - изјави Иринеј во интервју за белградскиот весник „Политика".

Преговорите меѓу двете цркви се прекинати веќе подолго време откако Белградската патријаршија го постави расчинетиот владика Јован за „српски егзарх" во Македонија и избра уште двајца „српски владици" во тн. „Синод на Охридската архиепископија". Светиот синод на МПЦ неодамна соопшти дека продолжувањето на преговорите е можно само откако СПЦ ќе ги повлече сите свои одлуки со кои изврши упад во канонското устројство. На неделната литургија во Битола македонскиот архиепископ г.г. Стефан изјави дека СПЦ ги прекршува каноните бидејќи „на секоја држава ѝ следува црква"

Српскиот владика Иринеј, еден од преговарачите со МПЦ, објаснува дека прашањата на вековниот црковен поредок „не можат да се ставаат во служба на минливи категории какви што се нацијата и државата".

- Црковното устројство во еден период може да се совпадне со овие минливи категории, но никако како отстапка кон држава, нација и политика - смета српскиот владика.

Српскиот патријарх Павле му се заблагодарил на поглаварот на Грчката православна црква, архиепископот Христодулос, за нивниот протест до властите на БЈРМ.

Македонската амбасада во Атина сè уште не примила никаков протест од страна на ГПЦ. (Б.Ѓ.)

Затворениците во „Црн Мост" нема да слушаат гласно црковно пеење

ЗАТВОР „ЦРН МОСТ" ВО БИТОЛА

Притворениот егзарх Јован не смее да се моли гласно

На притворениот српски егзарх во Македонија и расчинет македонски владика Јован Вранишковски во битолскиот истражен затвор му било дозволено секое утро и вечер со молитва да му се обраќа на Господ, но не и со песна. Тој не смеел да пее црковни песни во ќелијата зашто со тоа можел да ги вознемирува и да ги повреди чувствата на атеистите и на затворениците од другите верски конфесии, дознава „Дневник" од затвореници што биле пуштени дома на редовен викенд.

Според нивните кажувања, Јован доследно се придржувал на куќниот затворски ред, а преку утринските и вечерните молитви сега му се молел на Господ за смирение на душата, додаваат нашите затворски извори.

Вранишковски освен што е осуден со двегодишна условна казна, на обвинителната клупа ќе треба да седне за уште 6 кривични и 4 прекршочни пријави. (М.П.) ■

ДНЕВНИК, ВТОРНИК, 27 ЈАНУАРИ 2004

БИТОЛСКИ СУД

Двајца монаси казнети, деветмина ослободени

Обвинителот не кажал дали ќе го гони расколникот Јован

Двајца монаси се парично казнети, сопрена е постапката против деветмина, а обвинителот сè уште не се изјаснил дали кривично ќе го гони расколникот Јован за поттикнување расна, верска и национална омраза, раздор и нетрпеливост.

Основниот суд во Битола вчера ги казни со по 8.500 денари монасите Сашко Велков и Горан Кимев од Штип бидејќи ги прекршиле јавниот ред и мир на 20 јули 2003 година, во Соборниот храм „Св. великомаченик Димитрија", кога го следеле самовластието на Јован. Судот ја запре постапката против седумте монаси и двајцата монаси, кои беа обвинети за нарушување на јавниот ред и мир на 11 јануари годинава. Образложението е дека молитвите, според јачината на звукот, не може да се сметаат за нарушување на јавниот ред и мир.

Прекршочната пријава против „српскиот егзарх" во Македонија и расчинет македонски владика Јован е повлечена сè до завршувањето на кривичната постапка за самовластие, за која по неговата жалба треба да се изјасни Апелационот суд во Битола, бидејќи тој првостепено заработи двегодишна условна казна.

Издвоена е постапката за тројцата обвинети - мајката на Јован, Галена Вранишковска, неговиот вујко Ристо Поповски и за монахињата Благица Цветковска, позната како Фотина. Тие се товарат за нарушување на јавниот ред и мир. Меѓутоа не се појавија пред судот во четвртокот бидејќи Вранишковска била неуредно поканета, Поповски бил во Грција, а Цветковска доставила потврда дека е болна.

Јован и понатаму го одлежува 30-дневниот притвор во истражниот затвор во Битола, бидејќи по завршената истрага обвинителот сè уште не се изјаснил дали ќе поднесе обвинителен акт за поттикнување расна, верска и национална омраза, раздор и нетрпеливост или, пак, ќе ја запре постапката. (М.П.) ■

СПЦ МОРА ДА РАЗГОВАРА СО МПЦ

Трајковски учтиво го „откачи" српскиот патријарх Павле

(Продолжува од стр. 1)

„Априори фрлање на вина врз државните органи кои треба да го спроведат законот, нема да им ја олесни работата на оние кои се задолжени да ја најдат вистината. Уверен сум дека годинава на 2 Август ќе се сретнеме, заеднички и понизно да го чествуваме делото на сехристијанскиот светец и духовник", пишува Трајковски.

Српскиот патријарх Павле неодамна упати писмо до Трајковски, во кое го повика да се заложи за ослободување на „српскиот егзарх" Јован од притвор и да се сретне во Скопје со владиците Амфилохие и Иринеј. Претседателот Трајковски на Павле му напиша дека е охрабрен од фактот што патријархот на СПЦ во своето писмо го користи уставното име на Република Македонија и го спомнува името на Македонска православна црква, која со Уставот е единствена православна црква во Македонија. Трајковски вчера се сретнал и со поглаварот на МПЦ, архиепископот г.г. Стефан, со кого разговарал за настанатите проблеми меѓу двете цркви.

МПЦ наскоро ќе добие и силна поддршка од Собранието на Република Македонија, кое ќе ја усвои декларацијата за поддршка на МПЦ што ја предлага ВМРО-ДПМНЕ. Лилјана Поповска, потпретседателка на Собранието, изјави дека пратеничките групи се на надобар пат да постигнат консензус за текстот на декларацијата.

- Во нева силно ќе биде исказана поддршката на автокефалноста на МПЦ и ќе се потенцира нејзиното значење за македонската држава - објасни таа.

Лидерот на најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски, вчера изјави дека „на власта многу доцна ѝ текнало да ја поддржи декларацијата за МПЦ".

Давид и Максим бараат јавност

Одметнатите монаси Давид и Максим вчера предупредија дека архиепископот г. г. Стефан, на тајна средба со уредниците на медиумите во Македонија, ќе се обиде да издејствува затворање на медиумскиот простор за нив.

Нема потреба да потенцираме каков удар ќе биде тоа врз новинарската етика, а особено врз професионализмот на новинарите, кои треба објективно да ја информираат јавноста - велат тие.

- Ние велеевме на време дека проблемот е поголем отколку што некој сакаше да верува. Некој сакаше сето тоа да го игнорира и се занимаваше со земање на возилата на МПЦ, со бламирање на монаси[illegible] упади во манастирите за дрога и со други будалаштини, се со цел да се девалвира целата - рече Груевски.

СПЦ вчера повторно обвини дека „скопските граѓански и духовни власти вршат [illegible]

ПЕЦКО

Пишува и црта: ДАР-МАР

Неговото Високо Преподобие **Архимандритот Партениј**, Игумен на манастирите "Св. Јован Бигорски" и "Св. Ѓорѓи Победоносецот"

СРПСКАТА ЦРКВА Е ПРОДОЛЖЕНА РАКА НА СРПСКАТА ШОВИНИСТИЧКА ПОЛИТИКА ЗА НЕГИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И ДРЖАВА!

предавство или, пак, станува збор за мегаломански барања и нереализирани суети од страна на одметнатите монаси.

- Главни ликови во онаа мала група монаси која ја споменувате, се тројцата игумени **Максим**, **Давид** и **Софрониј**, за кои, како човек од монаштвото ми е жал што морам да кажам дека во последниве неколку години и не покажуваа некаков интерес за соборност и единство со останатото монаштво. Тоа го правеа во името на некакво автентично монаштво кое веројатно нивното високоумие си го припишувале само на себе. Но таквото нешто заради љубовта кон нив и во интерес на нашето единство, се трудев да не го забележувам. Би напоменал дека иако лично ги ценам како интелектуалци и начитани луѓе, сепак, не ги оправдувам и ги сметам за одговорни за овој подмолен удар на монаштвото, бидејќи со себе повлекоа и други монаси и монахињи кои само од послушание решија да ги следат, но треба да се преиспитаат кого следат, бидејќи нивните водачи го погазија својот завет за послушност кон епископот. Нивното одметнивање е навистина директен напад врз угледот на нашата древна Охридска Архиепископија која е обновена во лицето на МПЦ уште во 1967 год. Треба да се знае дека автокефалноста на нашата Црква е една од главните одлики на нашата самобитност. Оттаму, и секој обид за нејзино разнебитување, како што во случајов тоа го прави СПЦ, се смета за директен атак врз нашата држава и врз Македонскиот народ. Значи, името Охридска Архиепископија припаѓа само на МПЦ, бидејќи таа како таква е обновена според нејзиниот устав. Така, нашите браќа доколку навистина ја сакаа Охридската Архиепископија на која до вчера ѝ служеа, требаше да останат во заедница со нас и заедно сите да се бориме за нејзино прифаќање од останатиот Православен свет. Во овој случај тие застанаа зад интересите на оние кои во обидите за разнебитување на МПЦ почнаа штедро да доделуваат епископски чинови, небарајќи од кандидатите никакви услови.

Името Охридска Архиепископија припаѓа само на МПЦ, бидејќи таа како таква е обновена според нејзиниот устав

● **Сето тоа е тесно поврзано со стандардно невралгичните односи со Српската православна црква. Поводот е последниот такиаречен Нишки договор, со кој започна поделеноста во високите кругови на МПЦ, а која деновиве резултираше со раскол. Можеше ли да се избегне Нишкиот договор и што ќе се случеше доколку тој и натаму останеше тајна?**

- Сметам дека нишкиот договор е еден од многуте договори кои се правеа последнава деценија со цел Охридската Архиепископија, односно МПЦ, да биде прифатена од страна на целата православна екумена. Како и секогаш, и во овој случај македонската страна настапуваше во името на љубовта Христова, барајќи го единството со сите. Во последните четири години ваквите преговори добија еден навистина соборен карактер, бидејќи нашата Православна црква стапи во контакт речиси со сите православни Архиепископии и Патријаршии. Нашиот Архиепископ беше примен речиси од сите нив на канонска визитација и сметам дека во православието провејуваше еден убав дух за разрешување на повеќедеценискиот проблем со нашата црква. Но, за жал, констатацијата од сите беше дека проблемот сепак мораме да го решаваме со СПЦ, која според нив за нас е мајка-црква. Со ова лично јас не се согласувам, бидејќи ние имаме богато црковно наследство наследено од Охридската Архиепископија, која беше укината од ино-

▸▸

АРХИЕПИСКОПОТ СТЕФАН ГИ ОБВИНИ СОСЕДНИТЕ ЦРКВИ

Врз МПЦ е направено страшно злосторство

МЕНДЕ ПЕТКОВСКИ

Српската и другите соседни православни цркви прават злосторство со тоа што ја негираат Македонска православна црква, наследничка на Охридската архиепископија од која тие произлегле, обвини вчера поглаварот на МПЦ архиепископот г.г. Стефан.

На литургијата во главната битолска црква „Свети Димитрија" тој со владиците Наум и Агатангел [illegible] ка е врвче МПЦ [illegible] чисти од слугите на другите".

(Продолжува на стр.3)

ИНТЕРВЈУ НА ПОГЛАВАРОТ НА МПЦ Г. Г. СТЕФАН ЗА „ПОЛИТИКА"

МПЦ е наследник на Охридската архиепископија

Не измислиме ништо ново со обновувањето на Охридската архиепископија во МПЦ, туку го следевме примерот на нашите соседи, изјави охридскиот и македонски архиепископ г.г. Стефан во интервју за српскиот весник „Политика".

Коментирајќи го денешниот став на СПЦ кон МПЦ, г.г. Стефан нагласува дека МПЦ е природно продолжување на Охридската архиепископија, која била автокефална во текот на целото свое постоење, сè до нејзиното неканонско укинување од султанот во 1767 година. Една година порано, истиот султан ја укинал и Пеќката архиепископија, а многу време претходно и Трновската.

„МПЦ не е нов производ, туку претставува врска и активен продолжувач на славната Охридска архиепископија. Во Македонија во 1959 година и потоа во 1967 година не е создадена нова црква, туку е обновена и почнува да живее Светиклиментовата или Светипавлова црква", вели г.г. Стефан.

Според него, од трите центри на Балканот - Охрид, Трново и Пеќ се произлезени денешните три автокефални цркви: од Трновската патријаршија е настаната Бугарската црква, од Пеќката архиепископија - Српската, а од Охрид и Охридската архиепископија е настаната Македонската православна црква.

„Ова наследство е јасно, точно и историски потврдено бидејќи секоја од овие три древни цркви била духовно врзана за својот народ. Трновската за бугарскиот, Пеќката за српскиот и Охридската црква за Македонскиот народ", оценува поглаварот на МПЦ.

Тој додава дека македонскиот народ бил последен во постапката за обновување на својата древна црква бидејќи последен од балканските народи ја стекнал својата посебност - државна, јазична, културна, па и црковна.

„Би сакал идината да ни биде подобра и од минатото и од сегашноста. Само на тој начин ќе посведочиме дека сме вистински верници и следбеници на Христос", порачува во интервјуто за белградска „Политика" охридскиот и македонски архиепископ, г.г. Стефан.

Тоа што е Пеќката за српскиот, Охридската црква е за македонскиот народ: Владиката Стефан

Монаси осомничени за кражба

Дваесетте монаси од манастирот „Свети Димитриј", таканаречен Марков манастир крај Скопје, кои во минатиот месец ѝ откажаа послушност на МПЦ и се приклучија на српската „охридска архиепископија", се осомничени за кражба на два печата и две книги со теологија содржина, информира вчера МВР.

Скопската полиција против Владимир Вељановски (26) отец Елисеј и Горан Атанасовски (24), отец Порфириј поднела кривична пријава во која ги сомничи дека од први до 11 јануари годинава, при напуштањето на манастирот „Свети Димитриј" во селото Маркова Сушица украле два печата и две книги со теологија содржина пишувани на старословенски јазик.

Со кражбата расколниците ја оштетиле МПЦ со 150.000 денари. (Д.В)

ДАЛИ НАУМ ДА ГО УБИЕ ДАВИД, ИЛИ СТЕФАН ДА ГО ЛИКВИДИРА НАУМ?

Само Господ може да знае колку е среќен **Зоран Вранишковски** по неговата последна блиска средба со сините момчиња на **Хари Костов**, тие осведочени распалувачи на национална, расна и верска љубов, единство и трпеливост. Ние можеме само да нагаѓаме, дали српскиот Егзархот во Македонија ќе почне 'сада или одмах' со скицирањето на своите спомени за историската му улога во креирањето на Новиот Вселенски Поредок. Оти, тој веќе не е сам во 'Вселената'. Покрај **Јоаким** и **Марко**, во 'вселенскиот брод' се качија уште 18 монаси, и, нормално, Американците веднаш прикочија со својот план за освојување на Марс. Па, да, земјата можеби ја загубивме, ама, затоа, цела 'Вселена' стенка под окупацијата на Македонците, кои со српски благослов тврдат дека прават МПЦ-Вистинска, а сал 'привремено' се откажале од македонскиот предзнак во името на својата нова Црква!?

Кога не би било многу тажно, сигурно би било ептен смешно. Мислам, кога сево ова што се случува со МПЦ, не би ни се случувало нам, ами на некои наши докажани ем закоравени душмани. Кои, бездруго, во оваа ситуација имаат многу причини за задоволно триење на рачињата и, секако, кикотење до заѓување. Едноставно, пред очи им се случува финализација на проектот кој треба да резултира со исчезнувањето на било каква верба кај Македонците во опстанокот на

Пишува:
Никола МЛАДЕНОВ

неваѓте се во се' што веќе утре ќе ви соопштат. Или тоа е целта, или Црквата на мафијаштво се повикува, па, безмалку, Наум треба да го убие Давид, или, кој знае, можеби **Стефан** треба да нарача ликвидација на Наума, како што вообичаено се разрешуваат проблемите со предавниците на 'коза ностра'. Како помислуваш дека се протолкува барањето виновници во овие двајца владики, кои, пази ваму, морале да знаат што се' ќе се мота низ главите на одбраните монаси во следните два-тривеет години?!

Но, така е тоа со неверниците. На верниците им е полесно. Тие, впрочем, многу добро знаат колку тежок е монашкиот подвиг, па, едноставно, со неподготвеноста за него, од страна на Давид и **Максим**, го наоѓаат вистинскиот одговор за нивното поведение. За разлика од неверниците, верниците го знаат црковниот ред, кој учи на внатрецрковно решавање на проблемите, во мир, спокој и трпение. За нив можеби не е толку неофатлива постапката и на Јоеан, кој имаше епископска тежина, но не верувам дека со истото внимание ги следат и неговите следбеници. Особено по раскрстувањето на самиот Синод со српскиов егзарх во земјава. Едноставно, нашиот црковен врв има став по тоа прашање. Вранишковски е вон МПЦ, а за спорот со СПЦ се чека руското медијаторство. Тоа некому може и да не му се допаѓа, но, зар нишкиот нацрт и Јовановиот пат не беа речиси плебисцитарно отфрлени и осудени? Како може, сега, да фаворизираш по

кичевски.

На списокот на идни владици од страна на Наум се наоѓа името и на неговиот пулен, отец Пимет, кој му е десна рака на струмичкиот владика, ако не се земе предвид монахот Арсеније. По заминувањето на најголемиот дел на монасите откај Наум, поради неговата контроверзност и неживеењето на црковниот живот, во неговите манастири останаа неколкумина монаси, меѓу кои и Пимен. Тој на хартија е игумен на манастирот во Водоча. Како неговиот владика, така и тој е љубител на пиштолите, играњето фудбал и кошарка. Овој ресенчанец е при крај со Теолошкиот факултет. Освен тоа, љубител е, како и неговиот газда Наум, на големите и убави автомобили.

НЕПРОДУКТИВЕН ПОХОД ПРОТИВ МОНАСИТЕ!

Уште од лани, кога се тргна во вистинска медиумска хајка против преговорите и преговарачите кои со години се обидуваа да го разрешат меѓусебниот спор, не ми беше јасно зошто жестоките и запалени црковни патриоти толку инсистираат на политизирање на документот? Дали се можеби верници, националисти, етнофилетисти? Дали се, општо земено, црковно образовани, и, како такви, зошто не дозволија да се

ДЕДО АГАТАНГЕЛ НА МРТВИ МАНАСТИРИ СЕ РАДУВА!?

И владиката Агатангел успеа да ме собори кога во својата изјава ни соопшти дека кај него нема шанси да се случи раскол и монашки бунт, ама не заради цврстиот му авторитет, туку затоа што во неговата епархија нема ниту еден монах. Не разбирам. Дали тоа значи дека таму нема ни манастири или, пак, ги има, ама сите се мртви? Како му тргна на овој владика годинава, со несреќната анатема фрлена врз еден 'таканаречен' научник, имам чувство дека тој допрва се загрева и во наредниов период ќе слушнеме уште многу мудрости од негова уста!